| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани за проектен опфат на КП 1931 и други КО Дабиље со инсталирана моќност до 7 MW** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | ДПТУИ ИДЕА – КОНСАЛТИНГ ДООЕЛ СТРУМИЦА |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Општина Струмица |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Лилјана Ивановска д.и.а |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | 034/552-002; 070/ 383-941<br>lileivan@t.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за урбанистичко планирање ( „Сл.весник на РСМ" бр. 32/20), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистички планови ( „Сл.весник на РМ" бр. 142/15), Правилникот за урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21 и 104/22 ) и Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2022 година ( бр. 08-3016/1 од 29.04.2022 ) |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒<br>НЕ ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да☐**<br>**Не☒** | **Член: /** | **Точка: /** | **Алинеја: /** |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Да, со површина од 6,5 ха. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

Предмет на ова проектно решени претставува техничкото решение за две фотонапонски централи. Изградбата на нови објекти ќе бидат во функција на развој на инфраструктурните активности, односно изградба на комунални објекти и просторно уредување на предметната локација.
Урбанистичкиот план ги зацртува основните правци на просторниот развиток на општината, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, со цел да се постигне оптимална просторна организираност и функционална опременост на просторот.
Овој УП се донесува со цел на предвидената локација да се изградат објекти со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и Г1.9 – Градби за производство на електрична енергија.
Би требало да има и економски ефекти манифестирани врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животна средина. Освен со придобивката во намалувањето на енергетската криза во државата, фотонапонската централа ќе придонесува и за намалувањето на емисијата на CO2 во атмосферата.

**Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторно и урбанистичко планирање.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

Ноември 2022 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).**

Во рамките на проектниот опфат се дефинира основната намена на проектниот опфат: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани ( фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 7 MW ), Компатибилна намена Е1.8 – Инфраструктура за пренос на електрична енергија и компатибилна намена Г1.9 – Градби за производство на електрична енергија.
Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект ги опфаќа: КП 1931, КП 1932/1, КП 1933, КП 1934, КП 1935, КП1937, КП1939, КП 1940, КП1955/1, КП 1955/3, КП 1955/4, КП1955/5, КП 1962, КП 1963, КП 1964/1, КП 1964/2, КП 1966/1, КП 1968/1, КП 2025/1, КП 2026 и дел од КП 3295 КО ДАБИЉЕ, со вкупна површина од 6,5 ха.
Теренот е со падови на теренот, висински прикажани во геодетската подлога на опфатот, со надморска височина од 210 мнв до 220 мнв.
Пристапот до проектниот опфат е преку КП 3925 КО ДАБИЉЕ -запишана како јавен пат и на која има изведен пристапен земјан пат.
Просторот во рамките на проектниот опфат е урбанистички дефиниран со одобрената Проектна програма и издадените Услови за планирање на просторот тех.број Y34922 од септември 2022год., и Решение за Услови за планирање напросторот арх.број УП1-15 1792/2022од 19.09.2022.
Во непосредната околина (во радиус од 100 м) - по јужната граница на проектниот опфат е границата на плански опфат на план за село Дабиље ( УПС ) за кој се издадени услови за планирање Y 10017 од јуни 2017 година кој е во процедура на усвојување.

**Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.**

| |
|---|
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ** |
| Со реализација на планскиот документ се предвидува изградба на објект на земјиште на кое е предвидена класа на намена - Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани, Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и Г1.9 – Градби за производство на електрична енергија, што како активност нема значително влијание врз животната средина. Во периодот на изградба, земјените активности ќе бидат главен извор на негативно влијание врз животната средина. Времените објекти кои ќе бидат поставени, бучавата во текот на изградбата и отпадот исто така краткорочно негативно ќе влијаат врз животната средина.<br>Во рамките на градежната парцела, не е предвидена внатрешна сообраќајница, бидејќи се работи за фотонапонска централа со фотонапонски панели, кои се градат на земјиште, пристапот до панелите е потребен само за сервисирање и одржување кое не се врши со возила поради што не е предвидено движење на возила ворамките на градежната парцела. Внатрешните површини помеѓу фотонапонските панели ќе бидат затревени со ниско зеленило, слободниот простор ќе се затреви и посади со ниско зеленило, а делот потребен за одржување ќе се поплочи. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот.<br>Фотонапонската централа освен со придобивката во намалување на енергетската криза, со својата рабора придонесува и за намалување на емисијата на СО2 во атмосферата.<br>Меѓутоа, усвојувањето на УП ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти.<br>Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето.<br>Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како минимални, бидејќи внатрешните површини во рамките на градежната парцела се планира да бидат затревени и посадени со ниска вегетација, а дел да биде поплочен. Со самото тоа што сервисирањето и одржувањето на панелите нема да се одвива со возила, нема да дојде до голема фрекфенција на возила и загадување на околината. Фотонапонските панели добро се вклопуваат во животната средина, не го нарушуваат екосистемот, не вршат загадувањеи позитивно влијаат на климата, нема одводнување на отпадни води и не постои загадување на почвата.<br>Подигање на отпадот ќе се реши со склучување на договор со надлежни институции за собирање на отпадот, просторот околу контејнерите ќе се уреди и ќе се одржува чист. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |

| | |
|---|---|
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии. При изработк на урбанистичките планови за објектите кои се предвидув да да бидат изградени, опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и и спасување од пожари, од урнатини, поплави, свлекување на земјиштето. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Проектниот опфат на Урбанистичкиот проект ги опфаќа: КП 1931, КП 1932/1, КП 1933, КП 1934, КП 1935, КП1937, КП1939, КП 1940, КП1955/1, КП 1955/3, КП 1955/4, КП1955/5, КП 1962, КП 1963, КП 1964/1, КП 1964/2, КП 1966/1, КП 1968/1, КП 2025/1, КП 2026 и дел од КП 3295 КО ДАБИЉЕ, со вкупна површина од 6,5 ха.<br>Границите на проектниот опфат е границите на градежните парцели со пристапниот пат. Предметниот плански опфат се наоѓа на источниот дел од РСМ. |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** |
| Позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината, зголемено искористување на обновливите извори на енергија, помал увоз на електрична енергија, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, зголемување на приходите на локалната самоуправа , подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.<br>Обемот, динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија на дел од локалитетот кој е предмет на изработка на УП вон урбан опфат, ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето, изградба на објектите, надворешните инсталации и партерното уредување.<br>Секако дека има и други трошоци освен набroените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.<br>Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од реалната состојба на објектите на теренот, планските одредби од Прострониот План изработен претходно споредени со планските решенија кои ги нуди предметниот план. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |
| Предметната локација се наоѓа вон урбан опфат со намена за изградба на Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани и Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија. При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. |

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | На предметната локација не е евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Изградбата на фотонапонска соларна централа ќе биде во функција на развој и унапредување на економијата во ова подрачје. Фотонапонската соларна централа е планирана така да нема конфликт со комуналната инфраструкура. Просторот во рамките на проектниот опфат не е градежно изграден, не постојат создадени вредности низ опфатот и покрај опфатот. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Не се евидентирани. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Со УП вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со инсталирана моќност до 7 MW, компатибилна намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и Г1.9 – Градба за производство на електрична енергија. Компатибилната класа на намена го дополнува и не го нарушува функционирањето на основната класа на намена.<br>Проектното решение претставува техничко решение за две фотонапонски централи .<br>Изградбата на нови објекти, изградбата на комунланите објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметната локација ќе се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во оласта на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |

| |
|---|
| Во рамки на проектниот опфат се предвидува реализација на површински соларни фотоволтаични електрани кои се состојат од фотонапонски панели, инфраструктири за пренос на електрична енергија и градби за производство на електрична енергија. Истите не го нарушуваат екосистемот, не вршат загадување, позитивно влијат на микоклимата, од нив не постои загадување на почвата и ја намалуваат емисијата на CO2 во атмосферата.<br>Просторот во рамките на проектнио опфат не е гтадежно изграден, не постојат создадени вредности низ опфатот, ниту покрај опфатот. |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |

-Во доменот на заштита на животната средина, основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.
-Сите слободни површини од парцелата хортикултурно ќе се уредат со зеленило.
-Одведувањето на создадениот отпад ќе се реши со склучување на договор со овластен собирач на отпа и ќе се поставаат контејнери спрема видот на отпад, околу кои просторот ќе се одржува чист и уреден.
-Ќе се намали енергетската криза, а како обновлив извор на енергија ќе придонесе за намалување на емисии на CO2.
-Овој проект базиран на обновлив извор на енергија не го нарушува екосистемот, позитивно влијае на микроклимата и од него нема никакво загадување.
-Според карактерот на дејноста - производство на електрична енергија, за кое е потребно само одржување и сервисирањеи нема постојано вработени – присутни лица, ќе нема фрекфенција на возила, а со тоа ќе нема загадување од издувни гасови.
-Во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови .
-Проектите базирани на обновливи извори на енергија, покрај соодветните смалувања на емисиите на стакленички гасови можат да се поврзат и други придобивки кои се во насока на одржлив развој. Како такви, овие проекти можат да се квалификуваат преку механизмот за чист развој. Планскиот документ има позитивно влијание кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:
- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите);
- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација);
- зголемување на количината на продуциран отпад (како во фаза на реализација, така и во фаза на експлатација на објектите предвидени во планскиот опфат);

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот УП со тех.бр. 03-347/2022 е базиран директно на условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот
Исто така, изработката на овој УП има допирни точки со Просторниот план на РСМ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br><br>Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на УП – от ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. | | | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** | | |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | | **ГРАДОНАЧАЛНИК<br>НА ОПШТИНА СТРУМИЦА<br>Костадин Костадинов** | |
| **Датум:** 10.02.2023 година<br>**Место:** Струмица | | **М.П.** | |